

СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

на општина Новаци

Број 08/18

СЛУЖБЕН ГЛАСНИК ОПШТИНА НОВАЦИ

Излегува по потреба- 06.06-2018 година. Среда-Бр.08, година XXII
.Ж-ска 749014004563010 Депонент Народна банка на Македонија;
E-mail: Novacio@t.mk Примерок 50 денари

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Програма за одбележување значајни настани и истакнати личности со спомен обележја за период од пет години во Општина Новаци

1. Објавувам Програма за одбележување значајни настани и истакнати личности со спомен обележја за период од пет години во Општина Новаци, донесено на седница на Совет на општинаНоваци, одржана на 31.05.2018 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, и ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-564/1
05.06.2018 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 17 од законот за меоријални спомениц и спомен обележја (сл.весник на РМ бр.66/04) и член 21 точка 11 од Статутот на општина Новаци (Службен гласник на Општина Новаци бр. 5/2002) , Советот на Општина Новаци на Седницата одржана на 31-05-2018 година донесе

ПРОГРАМА

за одбележување значајни настани и истакнати личности со спомен обележја за период од пет години во Општина Новаци

I.ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со оваа програма се реализираат активности од областа за подигнување, чување, одржување, заштита и користење на спомен обележја на значајни настани и личности од значејне за општина Новаци .

Средствата за реализација на оваа програма ќе се обезбедат дел од Општина Новаци, министерство за култура, донации од правни и физички лица .

Член 2

Со Програмата особено се опфатени одбележувањето на;

-Позначајни културно-историски настани и личности од посебно значење за Република Македонија,

- Позначајни културно-историски настани и личности од посебно значење за општина Новаци

- Одбележување со спомен обележја на настани и личности од посебно значење за општина Новаци .

II. Одбелешување на личности и настани од национално значење

Член 3

8-ми март-Меѓународен ден на жената
1 мај –ден на работникот
24 мај-денот на сесловенските просветители "Св Кирил и Методиј"
2 Август – Ден на Републиката
8 Септември –Ден на независноста

11-ти Октомври-Ден на народното востание
23 Октомври –Ден на Македонската Револуционерна Борба
8 Декември –денот на Св " Климент Охридски "

Ќе се одбележуваат и други настани и личности согласност со Годишните Програми за одбележување на настани и личности на Република Македонија

Одбележувањето на настаните и личности од став 1 т.1 на овој член 3 ќе се врши во согласност со Годишните Програми за одбележување на настани и личности на Република Македонија.

III. Одбележување на личности и настани од значење за општина Новаци

Член 4

-30 март -Празник на Општина Новаци

- 05-ти април одбележување на годишнина од смртта на истакнатиот револуционер и војвода од Илинденскиот период Ѓорѓи Сугарев

- 05-ти јуни-спомен по повод загинувањето на бранителите –Матичевски Пеце кај с.Гајре

- Јули - Мариовска буна од 1564 година-

- 21 септември црковно –народен собир во чест на верскиот празник Успение на Пресвета Богородица ,с.Новаци

4 Ноември 1944г-Ослободување на Новаци

IV. СПОМЕН ОБЕЛЕЖЈА

Член 5

Во наредниот петогодишен период ќе се подигнат следните Спомен обележја;

-Спомен обележје за воените и цивилните жртви на Македонскиот фронт во Првата Светска Војна 1915-1918

- Спомен обележје за Ѓорѓи Сугарев и битката кај ,,Чукарите,,

- Споменик Добро поле – Бронзена рака

- Спомен обележје на загинатите војници на т.н Солунски фронт во Прва светска војна

Член 6

IV/1. Спомен обележје за воените и цивилните жртви на Македонскиот фронт во Првата Светска Војна 1915-1918

Спомен обележје за воените и цивилните жртви на Македонскиот фронт во Првата Светска Војна 1915-1918, се подига во чест воените и цивилните жртви на Македонскиот фронт во Првата Светска Војна 1915-1918, на врвот Кајмакчалан

За време на Првата Светска Војна на Кајмакчалан се воделе тешки борби меѓу Бугарската Армија, од една страна и Француската,Српската и Грчката Армија од друга страна, како дел од

македонскиот фронт.Притоа, само во период од 12 до 30 септември 1916 година, во жестоки борби на врвот загинале над 4.600 војници на Српската Армија, како и повеќе од 3.000 војници на Бугарската Армија

Во овие армии загинаа и голем број мобилизирани македонци, од окупираните делови на Македонија после нејзината поделба во Балканските војни 1912-1913 година претежно од Мариово и од цела Македонија

Основна порака е заедничко чествување на воените и цивилни жртви во Првата Светска Војна на Кајмакчалан,од страна на тогашните завојувани страни,со зедничко спомен-обележје,како повод за историско помирување и за траен мир и добрососедство! Заедничко чествување и панихида и заедничкиот паметник на Кајмакчалан е подадена рака за историско македонско-српско-грчко-бугарско помирување заради мирот и добрососедството во Југо-Источна Европа!

Пораката и останатите детали ќе се дефинираат со идејното решение одбрано во постапка утврдена со закон.

Спомен обележјето ќе биде поставено на место викано Кајмакчалан КО Скочивир

Финасирањето на Спомен обележјето ќе биде од:буџет на општина Новаци, приватна донација и други извори.

Рок на изградба на спомен обележјето е 2018-19 година

IV/2.Спомен обележје за Ѓорѓи Сугарев и битката кај ,,Чукарите,,

Спомен обележјето за Ѓорѓи Сугарев и Битката кај ,,Чукарите ,, се подигнува во чест на Војводата од Илинденскиот период Ѓорѓи Сугарев и неговата чета од 22 кои се убиени во нерамна борба кај с.Паралово, општина Новаци. Ѓорѓи Сугарев со својата чета во предилинденскиот, за време на Илинденското востание и по него, се до својата смрт зазема значајно место во македонската историја во борбата за слободна и независна Македонија. Предаден, загинува заедно со својата чета на 5-ти април 1906 година во нерамна борба со турскиот аскер.

Спомен обележјето ќе се подигне во непосредна близина на загинувањето-Манастирот кај с.Паралово..

Основната порака на спомен обележјето ќе биде потенцирање на вековната борба на македонскиот народ за создавање на своја држава.

Пораката и останатите детали ќе се дефинираат со идејното решение одбрано во постапка утврдена со закон.

Финансирањето на спомен обележјето ќе биде од Буџетот на општина Новаци и други извори.

Рок на изградба на спомен обележјето е 2018 година

IV/3.Споменик Добро поле – Бронзена рака

Спомен обележјето за битката на Добро поле т.н Бронзена рака се поставува на истата локација каде некогаш постоел овој споменик. За ова спомен обележје постои позната приказна меѓу месното население. Имено во 1938 година ова спомен обележје било поставено на Добро поле. Според приказната , раката на некој војник била откината од граната за време на пробојот на

Добро поле, по што тој ја завиткал во едно платно и ја скрил под една карпа. Според кажувањата на селаните кога дошол 20 години покасно на истото место тој нашол коски под карпата. Токму на таа локација тогаш бил поставен споменик кој кај локалното население е познат како „Бронзена рака". Споменикот покасно исчезнува . Многу години покасно во 2012 година оваа приказна повторно ја актуелизира Франк Роџер и Фабиен Шефе од Здружението на ветерани од Франција . Името војникот кој ја загубил раката бил Marcel Ganguilhem (1895-1949) познат под уметничкото име „ Cel-le-Gaucher" во превод „Левак". Марцел учествувал при пробојот на Сокол и таму ја загубил левата рака. Под војната користејќи ја само својата лева рака тој твори во Франција и изработува неколку споменици . Покасно лоцирана е и фамилијата на гореспоменатиот уметник и се дознава дека постои шаблон за изработка на овој споменик и ден денес. Ваквиот развој на настаните ја наметнува идејата за обновување на овој споменик за што веќе постои иницијатива за финансирање на проектот. На овој начин достојно би се одбележала историската локација а со тоа 100 годишнината од битката.

Спомен обележјето ќе биде подигнато на месноста викана Добро поле која се наоѓа помеѓу врвовите Сокол и Ветерник на Ниџе планина.

Основната порака на спомен обележјето е дека војната е како светски пожар кој е лош за сите и во неговиот оган горат многу жртви и држави.

Пораката и останатите детали ќе се дефинираат со идејното решение одбрано во постапка утврдена со закон.

Финансирањето на спомен обележјето ќе биде од Буџетот на општина Новаци, донации и други извори.

Рок на изградба на спомен обележјето е 2018/19 година

IV/4. Спомен обележје на загинатите војници на т.н Солунски фронт во Прва светска војна

Спомен обележје се поставува со цел да се оддаде почит кон загинатите борци и да се одбележи 100 годишнината од Прва светска војна.На тој начин ќе се оддаде почит кон оние кои вчера биле сојузници или непријатели. Оваа спомен обележје ќе биде порака за мир и братство.

Спомен обележјето ќе биде подигнато на влезот во селото Брод, општина Новаци . Во близина на локалитетот има Скривница која потекнува од периодот на Прва светска војна. Овој објект се смета дека имал разни намени во овој период: се користела како прифатен центар или болница.

Основната порака на спомен обележјето е дека постојано треба да се работи на зачувување на мирот во еден нестабилен свет.Она што се случило некогаш и од кое имало многу жртви никогаш повеќе да не се повтори.

Пораката и останатите детали ќе се дефинираат со идејното решение одбрано во постапка утврдена со закон.

Финансирањето на спомен обележјето ќе биде од Буџетот на општина Новаци, донации и други извори.

Рок на изградба на спомен обележјето е 2018 година

V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 7

За реализирање на оваа Програма ќе се донесат посебни Годишни програми, одлуки, решенија и други акти со прецизни детали и рокови за реализација,.

Член 8

Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на општина Новаци,, .

Со влегување во сила на ова Програма, престанува да важи Програма за одбележување значајни настани и истакнати личности со спомен обележја за период од пет години во Општина Новаци бр.14-104/31 од 30.01.2018 година.

Совет на Општина Новаци
Претседател

Наумче Смилевски

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Одлука за подигање на спомен обележје на на загинатите војници во Прва светска војна на т.н Солунски фронт

1. Објавувам Одлука за подигање на спомен обележје на на загинатите војници во Прва светска војна на т.н Солунски фронт, донесено на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 31.05.2018 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, и ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-564/2 ОпштинаНоваци
05.06.2018 год. Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 18 од Законот за меоријални спомениц и спомен обележја (сл.весник на РМ бр.66/04) и член 46 и 21 точка 11 од Статутот на општина Новаци (Службен гласник на Општина Новаци бр. 5/2002) , Советот на Општина Новаци на Седницата одржана на 31-05-2018 година донесе

ОДЛУКА

за подигање на спомен обележје на на загинатите војници во Прва светска војна на т.н Солунски фронт

Член 1

СЕ ОДОБРУВА подигање на спомен обележје на загинатите војници во Прва светска војна на т.н Солунски фронт

Одборот за подигање на спомен обележје е одговорно за реализација на иницијативата за подигање на спомен обележје.

За спроведување на постапката за подигање на спомен обележје ќе се грижи Одборот за подигање спомен обележје и Комисија за јавни набавки на општина Новаци

Член 2

Спомен обележје на на загинатите војници во Прва светска војна на т.н Солунски фронт ќе биди поставена на влезот во селото Брод, општина Новаци .

Во близина на локалитетот има скривница која потекнува од периодот на Прва светска војна. Овој објект се смета дека имал разни намени во овој период: се користела како прифатен центар или болница.

Член 3

Општина Новаци-Јавното Комунално Претпријатие ќе управува, ќе се грижи за чување, одржување, заштита и користење на спомен обележје на загинатите војници во Прва светска војна на т.н Солунски фронт

Член 4

Извор на средства за реализирање на иницијативата и средствата за подигање на спомен обележје на на загинатите војници во Прва светска војна на т.н Солунски фронт. ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Новаци, приватна донација и други извори.

Извор на средства потребни за чување на спомен обележје ќе биде од Буџетот на општина Новаци. **Член 5**

Одлуката влегува во сила со денот на донесување и ќе се објави во („Службен гласник на Општина Новаци„).

Со влегување во сила на ова Одлука, престанува да важи Одлука за подигање на спомен плоча на загинатите војници во Прва светска војна на т.н Солунски фронт бр.14-496/5 од 10.05.2018 година.

Бр.14-550/5 Совет на општина Новаци
31.05.2018 год. Претседател
НаумчеСмилевски

==========

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Решение за именување на членови на Одбор за подигање на спомен обележје на загинатите војници во Прва светска војна на т.н Солунски фронт

1. Објавувам Решение за именување на членови на Одбор за подигање на спомен обележје на загинатите војници во Прва светска војна на т.н Солунски фронт, донесено на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 31.05.2018 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, и ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-564/3 ОпштинаНоваци
05.06.2018 год. Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 21 ста1 точка 38 и член 46 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци„ бр. 5/02), член 18 од Законот за меоријални спомениц и спомен обележја (сл.весник на РМ бр.66/04) , Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 31.05.2018 година го донесе следната:

РЕШЕНИЕ

За именување на членови на Одбор за подигање на спомен обележје на загинатите војници во Прва светска војна на т.н Солунски фронт

1.За членови на Одбор за подигање на спомен обележје на загинатите војници во Прва светска војна на т.н Солунски фронт

СЕ ИМЕНУВААТ:

1.Наумче Смилевски -претседател
2.Слободе Ристевски
3.Стефан Каранфиловски
4.Благој Бежановски
5.Борис Христовски
6.Мирјана Хаџиевска
7.Лиљана Најдовска

2. За спроведување на постапката за подигање на спомен обележје се грижи одборот за подигање спомен обележје

3.Одборот ги врши следните работи:

-распишува јавен конкурс за изработка на идеен проект за подигање на спомен обележје

-ги разгледува општите прашања и предлага мерки и активности во врска со подигањето на спомен обележје

- го следи извршувањето на одлуката за подигање на спомен обележје, и за тоа со извештај го известува Советот на општина Новаци

-стручните и административно техничките работи за Одборот ги врши службата на општина Новаци

4.Решението влегува во сила со денот на донесување и ќе се објави во („Службен гласник на Општина Новаци„).

Со влегување во сила на ова Решение,престанува да важи Решение за именување на членови на Одбор за подигање на спомен плоча на загинатите војници во Прва светска војна на т.н Солунски фронт бр.14-496/6 од 10.05.2018 година.

Бр.14-550/6 Совет на општина Новаци
31.05.2018 год. Претседател
НаумчеСмилевски

==========

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Одлука за давање согласност за формирање на паралелки за новата учебна 2018/2019 година во ОУ Славко Лумбарковски Новаци

1. Објавувам Одлука за давање согласност за формирање на паралелки за новата учебна 2018/2019 година во ОУ Славко Лумбарковски Новаци , донесено на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 31.05.2018 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, и ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-564/4
05.06.2018 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 22 ст.1 т.8 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на РМ„бр.103/08) а во врска со член 15 ст.1 т.8 и член 46 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци„ бр. 5/02) Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 31.05.2018 година ја донесе следната:

О Д Л У К А

за давање согласност за формирање на паралелки за новата учебна 2018/2019 година во ОУ Славко Лумбарковски Новаци

Член 1

СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ за формирање на паралелки за новата учебна 2018/2019 година во ОУ Славко Лумбарковски Новаци :

1.Преглед бр.1 на барано мислење за формирање на чисти паралелки од 1 до 9 оделение за учебната 2018/2019 година

2. Преглед бр.2 на барано мислење за формирање на комбинирани паралелки од 1 до 5 оделение во учебната 2018/2019 година

Член 2

Составен дел на Одлуката е:

1.Преглед бр.1 на барано мислење за формирање на чисти паралелки од 1 до 9 оделение за учебната 2018/2019 година, бр.03-220/1 од 14.05.2018 година.

2. Преглед бр.2 на барано мислење за формирање на комбинирани паралелки од 1 до 5 оделение во учебната 2018/2019 година,

Член 3

Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Новаци„.

Бр.14-550/7
31.05.2018 год.

Совет на општина Новаци
Претседател
НаумчеСмилевски

==========

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Одлука за доделување на еднократна парична помош на Стевче Стојчевски с.Далбеговци

1. Објавувам Одлука за доделување на еднократна парична помош на Стевче Стојчевски с.Далбеговци, донесено на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 31.05.2018 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, и ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-564/5 ОпштинаНоваци
05.06.2018 год. Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 21 став1 точка 44 и член 46 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци„ бр. 5/02),Записник од извршен увид на проценка на штета бр.03-346/2 од 26.04.2018 година, Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 31.05.2018 година ја донесе следната:

О Д Л У К А

за доделување на еднократна парична помош на Стевче Стојчевски с.Далбеговци

Член 1

На Стевче Стојчевски с.Далбеговци, му се доделува еднократна парична помош во износ од **20.000,00 денари** во градежни материјали, за претрпена штета од елементарна непогода –обилни врнежи

Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Новаци за 2018 година.

Член 3

Градежните материјали да се набават во согласност со Законот за јавни набавки.

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на донесување, и ќе се објави во („Службен гласник на Општина Новаци„).

Бр.14-550/8 Совет на општина Новаци
31.05.2018 год. Претседател
НаумчеСмилевски

==========

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Одлука за доделување на еднократна парична помош на Игор Василевски с.Гермијан

1. Објавувам Одлука за доделување на еднократна парична помош на Игор Василевски с.Гермијан, донесено на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 31.05.2018 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, и ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-564/6
05.06.2018 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 21 став1 точка 44 и член 46 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци„ бр. 5/02), Записник од извршен увид на проценка на штета бр.03-460/2 од 27.04.2018 година, Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 31.05.2018 година ја донесе следната:

О Д Л У К А
за доделување на еднократна парична помош на Игор Василевски с.Гермијан

Член 1

На Игор Василевски с.Гермијан, му се доделува еднократна парична помош во износ од **20.000,00 денари** во градежни материјали, за претрпена штета од елементарна непогода –пожар

Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Новаци за 2018 година.

Член 3

Средствата да се исплатат на име Игор Василевски, со ЕМБ:, на трансакциона сметка:, депонент.

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на донесување, и ќе се објави во („Службен гласник на Општина Новаци„).

Бр.14-550/9
31.05.2018 год.

Совет на општина Новаци
Претседател
НаумчеСмилевски

==========

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување План за измена и дополнување на Годишен план за јавни набавки на општина Новаци за 2018 година-Јуни 2018 година

1. Објавувам План за измена и дополнување на Годишен план за јавни набавки на општина Новаци за 2018 година-Јуни 2018 година, донесено на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 31.05.2018 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, и ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-564/7
05.06.2018 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 26 од Законот за јавни набавки (Службен весник на Република Македонија бр.136/2007, 130/2008, 97/2010, 53/2011, 185/2011, 15/2013, 148/2013, 28/2014, 43/2014, 130/2014, 180/2014, 78/2015, 192/2015, 27/2016 и 120/2016), а во согласност со член 62 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Р.Македонија бр.5/2002) и член 46 од Статутот на општина Новаци (Службен гласник на општина Новаци бр.5/2002), Советот на општина Новаци на седницата одржана на 31.05.2018 година, донесе:

ПЛАН ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ
НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ НА ОПШТИНА НОВАЦИ
ЗА 2018 ГОДИНА- ЈУНИ- 2018 година

Член1

СЕ ОДОБРУВА План за измена и дополнување на Годишен план за јавни набавки на општина Новаци за 2018 година-Јуни 2018 година:

Бр.	Предмет на договорот за јавна набавка-рамковната спогодба	Шифра според ОПЈН	Очекуван почеток на постапката-месец	Проценета вредност на договорот /рамковната спогодба без ДДВ-ден.	Вид на постапка	Забелешки
I	**Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на стоки**					
II	**Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на услуги**					
.						
III	**Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на работи**					
1.	Санација на амбуланта во с.Бач		Јуни	294.880,00	БПП	
2.	Надстрешница до капела и партерно уредување кај црквиче со надстрешница во с.Гермијан и патека од црквиче до надстрешница		Јуни	492.445,00	БПП	
3..	Оградување на амбуланта во с.Маково		Јуни	82.670,00	БПП	

4.	Изградба на атмосферска канализација во с.Новаци на локалниот пат Новаци Рибарци од врска Р-1311 до локална улица на КП 2007 КО Новаци		Јуни	745.000,00	БПП	
5.	Изградба на атмоферска канализација во с.Бач на КП 1692/1 до Основното училиште			745.000,00	БПП	
6.	Изградба на атмосферска канализација во с.Горно Агларци Крак 1 од врска со локална улица на КП 1165/1 за КО Г.Агларци до врска со П-2340 и крак 2 од КП1194 до врска со П-2340		Јуни	745.000,00	БПП	
7.	Изградба на атмосферска канализација во во с.Долно Агларци од КП 874 до КП 848-Пороj Долно Агларци		Јуни	720.000,00	БПП	
8.	Изградба на атмосферска канализација во с.Далбеговци од КП 112 до КП 1152 Добрушевски канал		Јуни	868.016,00	БПП	
9.	Реконструкција на бунар и партерно уредување на с.Горно Агларци		Јуни	457.627,00	БПП	
10	Реконструкција на бунар и партерно уредување на с.Долно Агларци		Јуни	395.000,00	БПП	
11.	Изградба на водопоило во с.Рапеш и с.Бач		Јуни	312.667,00	БПП	
12.	Реконструкција на влезна порта во зградата на општината и поставување на чешма ,и изработка на преграда во Совет на општината		Јуни -Јули	400.000,00	БПП	
13.	Изградба на спомен - обележје во с.Брод посветено на жртвите на македонскиот народ од Првата светска војна		Јуни-Јули	600.000,00	БПП	
14.	Набавка на дополнителна опрема за потребите на Центар за ран детски развој ,,Бамби “ с. Новаци		Јуни -Јули	480.000,00	БПП	
15.	Изработка на постамент за поставување на скулптура ,,Коњ “ во с.Градешница		Јули	60.000,00	БПП	

Член 2

План за измена и дополнување на Годишен план за јавни набавки на општина Новаци за 2018 година-Јуни 2018 година, влегува во сила со денот на донесување, и ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Новаци,,

Совет на Општина Новаци
Претседател
Наумче Смилевски

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Одлука за одобрување набавка на градежни материјали
за Месна Заедница од с.Д.Орехово

1. Објавувам Одлука за одобрување набавка на градежни материјали за Месна Заедница од с.Д.Орехово, донесено на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 31.05.2018 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, и ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-564/8 ОпштинаНоваци
05.06.2018 год. Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 21 став 1 точка 44 и член 46 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци„ бр. 5/02), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 31.05.2018 година ја донесе следната:

О Д Л У К А
за одобрување набавка на градежни материјали
за Месна Заедница од с.Д.Орехово

Член 1

СЕ ОДОБРУВА набавка на градежни материјали за Месна Заедница од с.Д.Орехово во износ од **20.000,00 денари**, за набавка црево Ф-63(300м)

Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Новаци за 2018 година.

Член 3

Градежните материјали да се набават во согласност со Законот за јавни набавки.

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на донесување, и ќе се објави во („Службен гласник на Општина Новаци„).

Бр.14-550/11 Совет на општина Новаци
31.05.2018 год. Претседател
НаумчеСмилевски

==========

С О Д Р Ж И Н А Страна

1.Заклучок за објавување Програма за одбележување значајни настани и истакнати личности со спомен обележја за период од пет години во Општина Новаци 1

2. Заклучок за објавување Одлука за подигање на спомен обележје на на загинатите војници во Прва светска војна на т.н Солунски фронт 2

3. Заклучок за објавување Решение за именување на членови на Одбор за подигање на спомен обележје на загинатите војници во Прва светска војна на т.н Солунски фронт 3

4. Заклучок за објавување Одлука за давање согласност за формирање на паралелки за новата учебна 2018/2019 година во ОУ Славко Лумбарковски Новаци 4

5. Заклучок за објавување Одлука за доделување на еднократна парична помош на Стевче Стојчевски с.Далбеговци 5

6. Заклучок за објавување Одлука за доделување на еднократна парична помош на Игор Василевски с.Гермијан 6

7. Заклучок за објавување План за измена и дополнување на Годишен план за јавни набавки на општина Новаци за 2018 година-Јуни 2018 година 7

8. Заклучок за објавување Одлука за одобрување набавка на градежни материјали за Месна Заедница од с.Д.Орехово 8

Издавач: Совет на општина Новаци:
Редакција:
Ангелевски Стевче-одговорен уредник
Редакциски одбор:
Момоковски Ристе
Јовановска Летка
Печати: Совет на општина Новаци
Тираж: 20 примероци